# „Момче, ќе те поучам на неколку важни зборови. Чувај Го Аллах, и Тој ќе те чува тебе. Чувај Го Аллах, и ќе Го најдеш секогаш пред себе. Ако нешто бараш, барај само од Аллах, а ако бараш помош, барај ја само од Аллах

Од Ебу ел-Абас, Абдулах бин Абас, радијалаху анхума, се пренесува дека рекол: Еден ден бев зад Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, па ми рече: „Момче, ќе те поучам на неколку важни зборови. Чувај Го Аллах, и Тој ќе те чува тебе. Чувај Го Аллах, и ќе Го најдеш секогаш пред себе. Ако нешто бараш, барај само од Аллах, а ако бараш помош, барај ја само од Аллах. Знај дека, дури и кога целиот свет би се собрал да ти донесе корист со нешто, нема да ти користи повеќе од она што Аллах веќе ти го запишал. Исто така, ако се соберат да ти наштетат со нешто, нема да ти наштетат повеќе од она што Аллах веќе ти го запишал; перата се подигнати, а мастилото се исушило.“ Во друга верзија, а не таа кај Тирмизи, се пренесува: „Чувај Го Аллах, ќе Го најдеш пред себе. Знај за Аллах во благосостојба, Тој ќе знае за тебе во потешкотија. Знај дека она што те одминало – не можело да те погоди, а она што те погодило – не можело да те одмине. И знај дека победата доаѓа со трпение, олеснувањето по тешкотијата, а по секоја мака доаѓа леснотија.“

[صحيح] [رواه الترمذي وغيره]

Ибн Абас, радијаллаху анху, раскажува дека, кога бил момче, јавал зад Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и Пратеникот му рекол: „Ќе те научам на некои работи со кои Аллах ќе ти даде корист: Чувај Го Аллах – односно, придржувај се кон Неговите наредби и одбегнувај ги Неговите забрани, така што кај Аллах секогаш ќе бидеш во покорност и во добри дела, а не во гревови и престапи. Ако го правиш тоа, наградата е дека Аллах ќе те заштити од непријатностите на овој и на идниот свет и ќе ти даде помош во важните работи, кон каде и да се упатиш. А кога сакаш да побараш нешто, не барај од никого освен од Аллах, Кој се одѕива на тие што Го молат. А кога ти треба помош, не ја барај од никој друг освен Аллах. Биди убеден дека нема да ти се случи никаква корист, дури и ако сите луѓе на Земјата се соберат да ти го овозможат тоа, освен она што Аллах веќе ти го запишал. Од друга страна, нема да те снајде никаква штета дури и ако сите луѓе станат против тебе, освен ако Аллах така одредил. Ова е нешто што Возвишениот Аллах го запишал и го одредил согласно Неговата мудрост и знаење, и нема промена во она што Аллах го запишал/одредил. И

дека тој што ќе Го чува Аллах, преку извршување на Неговите наредби и одбегнување на Неговите забрани – Возвишениот Аллах ќе биде со тој роб, ќе знае во каква состојба се наоѓа и ќе му даде помош и поддршка. Кога човекот ќе Му биде покорен на Аллах во благосостојба, Аллах ќе му даде олеснување и излез во потешкотија. Секој роб треба да биде задоволен со она што Аллах му го одредил – било добро или лошо. Во искушенија и неволји, да има трпение, затоа што трпението е клучот за олеснувањето. Кога тешкотијата ќе се засили, олеснувањето доаѓа од Аллах, а по секоја мака Аллах дава леснотија.

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66522